РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09 - 970 / 4
30.10.2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 22 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018, Сл. весник на РСМ бр. 178/21, Сл. весник на РСМ бр. 58/24 и Сл. весник на РСМ бр. 124/25), Универзитетскиот сенат на Универзитет Американ колеџ Скопје на својата 10- та седница одржана на 30.10.2025 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за организација и запишување на трет циклус студии на
## Универзитет Американ колеџ Скопје

## СОДРЖИНА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ ..... 3
2. ОРГАНИЗАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ ..... 3
3. УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ..... 6
4. СТРУКТУРА И ПРОЦЕС НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ..... 9
4.1. ПРЕДЛОГ-ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 11
4.2. ИСТРАЖУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ ..... 12
4.3. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИНТЕРНА МИНИКОНФЕРЕНЦИЈА ..... 13
4.4. РАБОТА ВРЗ ДОКТОРСКИ ТРУД И МЕЃУНАРОДНО ПУБЛИКУВАЊЕ ..... 13
4.5. ПОДНЕСОК НА ДОКТОРСКА ТЕЗА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА ..... 14
4.6. ОДБРАНА НА ДОКТОРСКА ТЕЗА ..... 16
5. МЕНТОР ..... 17
6. ТРАНСФЕР НА ДОКТОРСКА ПРОГРАМА ..... 19
7. ПЕРИОД НА ТРАЕЊЕ НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ ..... 21
8. ЈАЗИК НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ ..... 22
9. НАУЧЕН НАЗИВ ..... 22
10. ИЗДАВАЊЕ УВЕРЕНИЕ И ДИПЛОМА ..... 22
11. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ ..... 23
12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 23
13. ПРИЛОЗИ ..... 24

## 1. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се регулира третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот Американ колеџ Скопје (во натамошниот текст: докторски студии).

Предмет на уредување на овој Правилник се: организацијата, координацијата и реализацијата на докторските студии, условите и начинот на запишување на студенти, структурата на студиите, правилата за студирање, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторската теза, како и називите на научниот степен доктор на науки.

Член 2

На Универзитетот Американ колеџ Скопје (во натамошниот текст: Универзитет) се организираат и реализираат академски докторски студии од подрачјата на:

- техничко-технолошките науки;

- општествените науки;

- хуманистичките науки и уметностите.

Докторските студии можат да се организираат и како мултидисциплинарни во повеќе научни подрачја.

Член 3

Докторските студии се организираат со цел:

- унапредување на научноистражувачката, уметничката и стручната работа;
- оспособување кадар кој самостојно ќе води оригинално научно истражување, развивање на нови технологии и уметнички проекти;
- давање придонес кон постојните научни и стручни знаења.

Член 4

Докторските студии на Универзитетот се организираат и се реализираат во согласност со правилата на Болоњскиот процес и со европскиот кредит-трансфер систем.

## 2. Организација и координација на докторските студии

Член 5

Докторските студии се организираат од страна на стручен совет за докторски студии со назив: Школа за докторски студии на Универзитет Американ колеџ Скопје (во натамошниот текст: УАКС Школа за докторски студии).

Називот на Школата за докторски студии на англиски јазик е UACS Doctoral School.

Школата за докторски студии обезбедува:

- единствени критериуми за обезбедување квалитет на докторските студии во сите научни подрачја;
- рационално користење на научноистражувачките и други кадри, како и расположливата истражувачка инфраструктура;
- можност за организирање на мултидисциплинарни студии;

- еднакви можности за сите факултети и институти во рамките на УАКС да организираат докторски студии како носители на докторската програма, во соработка со други факултети или надворешни институции.

Докторските студии се реализираат од факултетите и научните институти на Универзитетот.

Член 6

Школата за докторски студии се состои од директор, координаторите на секоја студиска програма и најмалку еден административен службеник.

Со Школата за докторски студии раководи директор, именуван од Ректорската управа, по предлог на ректорот. Директорот се именува со мандат од 4 години, со можност за последователен избор.

Координаторите на студиските програми ги именува Ректорската управа, по предлог на ректорот, со мандат од 4 години, со можност за последователен избор.

Составен дел на Школата за докторски студии е и Етичкиот комитет за докторски истражувања (во понатамошниот текст: Етички комитет).

Член 6а

Школата за докторски студии одлучува на седници.

Во надлежност на Школата за докторски студии е следново:

- разгледува формулари П1 и П6 и ги доставува за усвојување до ННС на факултетот/институтот на кој е акредитирана докторската програма;
- усвојува, преку писмени одлуки, формулари П2, П4 и П5;
- донесува одлука и формира Комисија за оценка на формулари П3;
- одлучува по барања за трансфер на докторски студенти од други програми и други универзитети;
- одлучува за ставање на студиите во мирување;
- одлучува за промена на ментор;
- се грижи за обезбедување на квалитетот на докторските студии;
- се грижи за поврзување на постојните и поттикнување на нови докторски студии;
- се грижи за развој на докторските студии и докторските програми на сите факултети;
- до Ректорската управа доставува предлог за конкурс за запишување студенти на докторски студии, врз основа на предлозите на единиците и придружните членки кои вршат високообразовна дејност за докторски студии (број на студенти, износ на школарина и други елементи на Конкурсот);
- се грижи за навремено извршување на плаќањата од студентите и исплатите кон ангажираните наставници, соработници и административен кадар.

Член 7

Директорот на УАКС Школата за докторски студии:

- свикува седници, ги организира и раководи со седниците;
- ги координира докторските студии на Универзитетот, во смисла на студиски програми, наставен кадар и тековни и потенцијални кандидати за докторанди;

- ја ажурира листата на ментори и ја утврдува листата на слободни ментори, која е составен дел од Конкурсот за запишување на студенти на докторски студии;
- по предлог на координаторите на студиските програми, ја ажурира листата на наставници, кои ја изведуваат наставата на предметите за стекнување на генерички знаења и вештини за истражување за секој семестар поодделно;
- ја координира организацијата на докторски семинари и годишни конференции;
- назначува професори за оценка на формулари П3 по одлука на УАКС Школата за докторски студии;
- ги потврдува одржувањето и завршувањето на одбраните на докторските тези и интерната миниконференција;
- води регистар на студиски програми, организатори на студиските програми, ментори, наставници по генерички знаења и вештини, запишани студенти, матични книги и главни книги;
- одговара на барања од докторските студенти, кои е неопходно да се спроведат писмено, а кои не се надлежност на УАКС Школата за докторски студии како целина (давање различни потврди, писма за поддршка при апликација на конференции, писма за поддршка при апликација на разни форми за финансирање и сл.)
- ги проверува досиејата на докторските студенти, заедно со административниот службеник, откако студентот ќе поднесе формулар П6.

Член 8

Директорот на УАКС Школата за докторски студии одговара пред ректорот на Универзитетот Американ колеџ Скопје (во натамошниот текст: ректорот).

Директорот на УАКС Школата за докторски студии се грижи за реализација на овој Правилник, за што предлага упатства и други општи и поединечни акти.

Член 9

Стручните, административните и техничките работи за потребите на УАКС Школата за докторски студии се вршат од страна на стручната служба на Универзитетот.

*Член 10 бришан*

Член 11

Координаторите на докторските програми ги имаат следниве задачи:

- учествуваат во работата на Школата за докторски студии;
- ја координираат и се грижат за непречена реализација на наставата по предметите за стекнување на генерички знаења и вештини за истражување;
- обезбедуваат користење на простор и истражувачка опрема (библиотечен фонд, бази на податоци, лаборатории и сл.) при реализирање на студиските програми што ги организираат;
- ги водат досиејата на студентите согласно со овој Правилник;
- координираат соработка помеѓу факултетот носител на програмата и другите факултети што соработуваат во програмата;

- ја координираат постапката за оцена на темата на пријавената докторска теза и во постапката за оцена и за одбрана на докторската теза;
- вршат консултативни и советодавни активности со тековни и потенцијални кандидати за учество/посетување на програмата;
- одлучуваат по приговори од студенти и од кандидати во процесот на упис;
- вршат и други работи делегирани од директорот.

## 3. Услови и начин на запишување студенти

Член 12

Запишувањето на докторските студии се врши врз основа на конкурс што го објавува Универзитетот.

Член 13

Бројот на студентите што се запишуваат на докторски студии треба да е во согласност со решенијата за акредитација на ментори на докторски студии добиени од Одборот за акредитација на високото образование, односно во согласност со капацитетот за менторирање според Законот за високото образование и другите подзаконски акти.

Член 14

Во Конкурсот се наведуваат:

- студиската програма;
- бројот на студенти;
- условите и критериумите за запишување;
- износот на школарината и другите трошоци;
- роковите за запишување;
- почетокот на програмата и
- други податоци согласно со закон.

Член 14а

Ректорската управа формира Комисија за оценување и рангирање на пристигнатите апликации (во понатамошниот текст Комисија 1), во која барем еден од членовите е член на УАКС Школата за докторски студии (директорот или некој од координаторите).

Член 15

Право на запишување на докторски студии имаат лица што завршиле соодветни студиски програми и што ги исполнуваат основните критериуми:

- завршен втор циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (или еквивалент);
- познавање на англискиот јазик;
- во случај на остварен просечен успех под 8,00, но не помалку од 7,00, кандидатот ќе може да се запише доколку има најмалку три (3) години работно искуство во областа за која се пријавува;

- соодветно/сродно претходно образование.

При оценување на основните критериуми од претходниот став, Комисијата 1 го задржува дискрециското право да врши доспецифицирање на критериумите, како на пример, но не ограничувајќи се:

- да побара да нема временско совпаѓање помеѓу првиот и вториот циклус од студии;
- да побара работно искуство и во случај кога е задоволен условот за просечен успех од претходно образование од најмалку 8,00.

Член 16

Под сродни/соодветни студиски програми, односно претходно образование за секоја студиска програма се сметаат:

- Доктор по економски науки: Економија; Финансии и банкарство; Статистика, математика и економетрија; Инженерски и индустриски менаџмент;
- Доктор по бизнис администрација: Менаџмент; Маркетинг; Менаџмент на информациски системи; Бизнис и бизнис администрација; Економија; Социологија; Психологија; Право; Политички науки; Инженерски и индустриски менаџмент;
- Доктор по деловно право: Право; Економија; Политички науки; Социологија; Психологија и
- Доктор по информациски системи и менаџмент: Информатички науки, Машинско инженерство, Бизнис, Менаџмент; Инженерски и индустриски менаџмент;

Под сродни/соодветни студиски програми може да се сметаат и мултидисциплинарни студии.

Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Комисијата 1 за спроведување на Конкурс за запишување на студенти.

Член 17

Кандидатите што имаат завршено прв и втор циклус студии на акредитирани факултети, а кои немаат соодветно образование според член 16, став 1, алинеја 1 и 2 од овој Правилник, за да можат да се запишат на трет циклус докторски студии на студиските програми по економија и бизнис администрација, треба да покажат познавање на заедничките професионални компоненти (CPC Components).

Одредбата од став 1 не важи за студенти што дипломирале на Факултетот за деловна економија и организациски науки (во понатамошниот текст: ФДЕИОН) или на деловните програми на Универзитетот (Business Related programs).

Евалуацијата на познавањето на заедничките професионални компоненти од став 1 најпрво се врши по пат на преглед на наставната програма за факултетот на кој кандидатите студирале на прв и втор циклус студии и евалуација на заедничките професионални компоненти (CPC Components) од страна на координаторот на докторската програма. Доколку врз основа на преглед на наставната програма се утврди дека кандидатот нема познавање од заедничките професионални компоненти, кандидатот треба да полага влезен испит. Влезниот испит е конципиран врз основа на заедничките професионални компоненти. Кандидатите имаат право на подготовка за полагање на влезниот тест. За влезниот тест, Докторската школа определува референтна литература од три клучни области соодветни за избраната студиска програма.

Влезниот тест може да биде подготвен и организиран од страна на Универзитетот или, пак, од страна на надворешен испитен центар „Peregrine“ или друг испитен центар, кој

соодветствува на потребите на Советот за акредитација на бизнис-школи и програми од САД Акредитацискиот совет за деловни школи и програми (ACBSP).

Во секој случај, Комисијата 1 го задржува дискрецискoто право да прифати кандидат чиешто претходно образование не може да се подведе недвосмислено под некоја од сродните области од ставот 1 на член 16 и без полагање влезен испит, за што Комисијата 1 дава детално образложение.

Член 18

Право на запишување на докторски студии имаат и странски државјани согласно со закон и со овој Правилник.

Член 19

Кандидатот што се пријавува на Конкурсот поднесува:

- апликациски формулар со назначување на избраната докторска програма за која конкурира;
- дипломи и уверенија за положени испити на прв и на втор циклус студии, како и нивна нострификација доколку се стекнати во странство;
- мотивациско писмо;
- кратка биографија;
- докази со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување утврдени со овој Правилник;
- магистерската теза од претходното образование;
- идеја за докторско истражување, изложена во максимум петстотини (500) зборови, а која содржи: опис на предложената тема, клучни референци во областа, предлог-методологија за обработка на темата;
- друга документација која се бара на Конкурсот.

Документацијата од став 1 на овој член се доставува во фотокопија, а оригиналите се доставуваат на увид.

Член 20

По утврдувањето на исполнетоста на основните критериуми од страна на Комисијата 1, рангирањето на пријавените кандидати се врши со помош на евалуирање според следниве евалуациски критериуми:

- идеја/предлог за докторско истражување, во максимум од петстотини (500) зборови;
- работно искуство сродно на докторската област за која кандидатот конкурира;
- научни публикации и учества на меѓународни конференции;
- магистерска теза од претходно образование;
- други критериуми сврзани со конкретната докторска програма, кои се назначуваат во Конкурсот.

Член 21

По завршувањето на Конкурсот, Комисијата 1 објавува прелиминарна ранг-листа на примени кандидати на докторските студии, за секоја докторска програма одделно.

Комисијата 1 врши проверка на исполнетоста на основните критериуми.

Кандидатите што ги исполнуваат основните критериуми потоа се рангираат со евалуација на критериумите од член 20 на овој Правилник, и тоа: идеја/предлог за докторско истражување: максимум дваесет (20) поени; сродно работно искуство, максимум пет (5) поени, магистерска теза од претходно образование, максимум пет (5) поени, објавени трудови, публикации и учества на конференции, максимум пет (5) поени.

Дополнително утврдени критериуми специфични за докторската програма, содржани во Конкурсот, не може да носат повеќе од два (2) поена секој поединечно.

По извршеното рангирање, на програмата се примаат сите кандидати коишто освоиле најмалку 50 % од поените според евалуациските критериуми.

Во случај бројот на избрани кандидати да го надминува бројот на слободни места, тогаш се примаат највисоко рангираните кандидати. Во случај кога повеќе кандидати освоиле ист број поени, тогаш се спроведува интервју. Адекватноста на одговорите на интервјуто носи максимум десет (10) поени, кои се додаваат на претходно освоените поени и рангирањето се повторува.

Кандидатите што не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии, како и оние што отпаднале во процесот на селекција, се известуваат по електронска пошта.

Член 22

Кандидатите имаат право на приговор. Приговорот се поднесува во писмена форма до Комисијата 1 во рок од пет (5) работни дена од огласувањето на резултатите. Комисијата 1 одлучува по приговорот во рок од три (3) работни дена од денот на завршување на рокот за приговори. Одлуката на Комисијата 1 е конечна.

Член 23

По завршувањето на постапката по приговорите, Комисијата 1 ја утврдува конечната ранг-листа на примени кандидати и ја доставува до Ректорската управа за потврдување. Потврдената ранг-листа на примени кандидати е конечна.

Член 24

Роковите за пријавување на кандидатите, за објавување на ранг-листите, за одлучување по приговори и за другите елементи поврзани со постапката за запишување се утврдуваат со Конкурсот.

Член 25

При запишувањето, студентите потпишуваат договор за студирање.

## 4. Структура и процес на студиските програми

Член 26

Докторските студии се во времетраење од три (3) години (36 месеци) и се со кредитна вредност од најмалку 180 ЕКТС-кредити.

Докторските програми се состојат од:

1. наставна обука/едукација за научноистражувачка работа, што изнесува најмалку 30 ЕКТС-кредити;

2. наставна обука/едукација во доменот на избраната студиска програма, што изнесува најмалку 30 ЕКТС-кредити;
3. менториран процес на пријава, изработка и одбрана на докторската теза, што изнесува најмалку 120 ЕКТС-кредити.

Член 27

Наставната обука за научноистражувачка работа опфаќа најмалку три (3) генерички предмети за методологија на научноистражувачка работа и екипирање со техники за анализа и обработка на квалитативни и квантитативни податоци.

Наставната обука во доменот на избраната студиска програма опфаќа најмалку три (3) предмети во соодветниот домен.

Оценувањето на генеричките и тематските модули се врши според системот „ПОЛОЖИ" или „НЕ ПОЛОЖИ". Структурата на наставниот материјал, испитувањето по секој модул и границата помеѓу „положи" и „не положи" се дефинира во и е составен дел на силабусот, кој на студентите треба да им се достави најдоцна до првиот ден од почетокот на наставата.

Член 28

Наставата на докторските студии се изведува во предавална доколку групата брои повеќе од пет (5) студенти. За помал број од овој, наставата се изведува по менторски принцип.

Одредбата од став (1) на овој член опфаќа и изведба во виртуелна училница, односно комуникација со студентите на далечина, кога условите и околностите тоа го налагаат.

Член 29

Оценувањето по спроведената наставна обука (научноистражувачки и тематски предмети од член 27 на овој Правилник) се изведува според предвидена структура во силабусот, која е пожелно да се води според следниве принципи:

- структурата на оценувањето е составена од најмалку две (2) компоненти;
- компонентата на пишан/писмен класичен испит, доколку ја има, не смее да надминува 40 % од вкупната оценка;
- во структурата на оценувањето се фаворизираат форми кои се посоодветни за докторски степен на студии, како преглед на литература, критички осврт на студија, анализа на случај, критичка дискусија, статистичка анализа на податоци и сл., кои кандидатот ги изведува надвор од училницата.

Член 30

Во случај кандидатот да не положи, тој има право на повторно полагање на крајот од семестарот во кој се слуша конкретниот предмет.

Доколку кандидатот не успее да го положи предметот по вторпат, тогаш има право на трето и понатамошно полагање, најрано до крајот на следниот семестар од студиите.

Во случај како од став 2 на овој член, кандидатот стекнува и дополнителна финансиска обврска кон УАКС, сразмерна на бројот на кредити на предметот што се преполага.

Член 31

Менторираниот процес на пријава, изработка и одбрана на докторската теза опфаќа:

- подготовка на предлог-истражување (15 ЕКТС, формулар П1);
- подготовка на истражувачки извештај (10 ЕКТС, формулар П2);

- презентација на интерна докторска конференција (5 ЕКТС, формулар П3);
- подготовка на прв труд за публикација и презентација на трудот на меѓународна конференција (30 ЕКТС, формулар П4);
- подготовка на втор труд за публикација (30 ЕКТС, формулар П5);
- јавна одбрана – испит, на докторската теза (30 ЕКТС, формулар П6 и П7).

Формуларите од П1 до П7 се составен дел од овој Правилник.

### 4.1. Предлог-истражување

Член 32

Подготовката на предлог-истражувањето започнува во текот на вториот семестар од првата студиска година и се очекува да заврши на крајот од 13. месец од студиите. Координаторот на студиската програма на студентите на програмата им доставува листа со расположливи ментори и стручно-научните полиња во кои тие може да менторираат.

Член 33

Студентите започнуваат неформална дискусија со потенцијалните ментори и добиваат неформална согласност од потенцијалниот ментор за менторирање на темата во која сакаат да истражуваат. Со тоа отпочнува процесот на подготовка на формуларот П1, кој е составен дел од овој Правилник.

Формуларот П1 може да се поднесе и по предвидениот рок, но студентот не може да поднесе на одобрување кој било друг следен формулар П пред П1 да биде прифатен.

Формуларот П1 содржи: име и согласност од менторот, предлог-работен наслов, цели на истражувањето, преглед на литературата, методологија на истражувањето, очекувани резултати, клучни референци и план за дисеминација (целни конференции и научни списанија).

Член 34

Формуларот П1 се поднесува до УАКС Школата за докторски студии за разгледување.

УАКС Школата за докторски студии поднесува заклучок до Наставно-научниот совет (во натамошниот текст: ННС) на факултетот, заедно со предлог-комисија за оценка на формуларот П1.

На својата прва следна седница, ННС на факултетот формира Комисија за оценка на формуларот П1 (во понатамошниот текст: Комисија 2), по предлог на УАКС Школата за докторски студии.

Комисијата 2 е составена од три члена со наставно-научни, научни и/или насловни звања, од кои најмалку два се од соодветната научна област од која е темата на докторската теза. Менторот е прв член на Комисијата 2.

Член 35

Членовите на Комисијата 2 подготвуваат писмено мислење за формуларот П1, чија форма е дадена во прилог на овој Правилник, во рок од петнаесет (15) дена, до административниот службеник задолжен за докторски студии. Административниот службеник го известува кандидатот за мислењето на Комисијата 2.

Оценката на формуларот П1 е квалитативна и може да биде една од следниве четири: „се прифаќа без забелешки“, „се прифаќа со мали забелешки“, „се прифаќа со големи забелешки“, „се одбива“.

Во случај на прифаќање на формуларот П1 без забелешки, студентот преминува кон следната фаза од докторското истражување.

Во случај на прифаќање на формуларот П1 со мали или големи забелешки, студентот добива рок од дваесет (20) дена од денот на поднесување на мислењето, во кои треба да ги вклучи забелешките на Комисијата 2 и коригираниот формулар П1 да го поднесе за одобрување до Комисијата 2. Постапката може да се повтори додека не се постигне прифаќање на предлогот без забелешки.

Во случај на одбивање на формуларот П1, студентот добива сто и осумдесет (180) дена во кои треба да состави и поднесе комплетно нов формулар П1, што подразбира нова или значително видоизменета предлог-тема за докторска теза.

### 4.2. Истражувачки извештај

Член 36

Подготовката на истражувачки извештај се однесува на реализирана истражувачка посета од страна на кандидатот на универзитет или истражувачки центар во странство во времетраење од минимум една (1) седмица, помеѓу 13. и 36. месец од студиите.

Истражувачкиот престој/посета треба да биде исклучиво за академски цели, а неговата конкретна содржина е предмет на договор помеѓу студентот и институцијата/професорот домаќин.

Член 37

Универзитетот помага во наоѓање на институција домаќин за студентот од оние што првенствено се во состав на потпишаните договори на УАКС за мобилност. Доколку не се најде решение во рамки на тие договори, тогаш кандидатот може да изведе студиски престој на која било друга институција, при што трошоците за изведување на престојот паѓаат на товар на самиот студент.

Член 38

Истражувачкиот извештај се поднесува преку формуларот П2, кој е во прилог на овој Правилник и кој содржи најмалку: информации за посетената институција, конкретните цели на студискиот престој, опис на извршените активности, информации за постигнатите цели, информации за разменетите искуства, стекнатите истражувачки контакти и вмрежување.

Студентот е должен да достави и писмена потврда од посетената институција за реализираниот истражувачки престој.

Школата за докторски студии може да побара и други документи што го докажуваат изведувањето на престојот (контакт од професорот домаќин, билети за потврда на патувањето и сл.).

Член 38а

Извештајот со потврдата се поднесува за одобрување до Школата за докторски студии во рок од дваесет (20) дена од денот на завршување на студискиот престој.

Школата за докторски студии нема да одобри истражувачки престој без академска компонента или во кој академската компонента е нејасна.

### 4.3. Презентација на интерна миниконференција

Член 39

Интерна докторска миниконференција претставува интерен минисобир на сите докторандски студенти на Универзитетот, која се реализира помеѓу 18. и 24. месец од докторските студии.

Интерна докторска миниконференција може да се спроведува со физичко или онлајн присуство, синхроно или асинхроно, за што одлука донесува УАКС Школата за докторски студии. Во случај на асинхроно изведување на интерната докторска мини-конференција, УАКС Школата за докторски студии го пропишува и конкретниот формат (видеозапис, презентација, пишан текст итн.).

Член 40

Презентацијата се пријавува преку формуларот П3, кој е во прилог на овој Правилник и кој содржи информации за темата на презентацијата, менторот, фазата на докторското истражување, постигнатите цели во таа фаза и плановите за следните фази од истражувањето. Формуларот содржи и краток осврт во однос на етичката димензија на докторското истражување.

Формуларот П3 се поднесува до координаторот на студиската програма најдоцна петнаесет (15) работни дена пред датумот на минисобирот.

Член 41

Оценката на презентацијата ја врши трочлена Комисија определена од УАКС Школата за докторски студии (во понатамошниот текст: Комисија 3) и по правило е составена од координаторот на докторската програма, еден професор од редот на менторите и трет член од соодветната наставна програма на која е запишан кандидатот.

Оценката на презентацијата може да ја изврши и овластен професор во ситуации кога бројот на кандидати за учество на интерната докторска миниконференција е мал или кога таа се одржува на асинхрон начин, за што одлучува УАКС Школата за докторски студии.

Оценката е квалитативна и може да биде: „продолжува во следна фаза“ или „не продолжува во следна фаза“.

Комисијата 3 оценува и дали истражувањето мора да добие формално одобрување од страна на Етичкиот комитет.

Во случај кога Комисијата 3 донела одлука кандидатот да не продолжи во следната фаза, потребно е тој да достави суштински ревидирана презентација, во рок од триесет (30) дена од денот на соопштување на оценката, која Комисијата 3 ќе ја евалуира во рок од десет (10) дена со право да го повика кандидатот на усна презентација. Процесот може да се повторува додека доставениот материјал не го задоволи соодветниот стандард за Комисијата 3 да може да даде преодна оценка.

### 4.4. Работа врз докторски труд и меѓународно публикување

Член 42

Подготовката на труд за меѓународна конференција и прв, односно втор труд за меѓународна публикација е менториран процес во кој студентот и менторот имаат консултации на редовна основа.

Член 43

За да се оцени работата од фазата од член 42, студентот поднесува формулар П4, односно П5, кои се дадени во прилог на овој Правилник. Поднесувањето на овие формулари не може да се направи пред 18. месец од докторските студии.

Формуларот П4 се состои од резиме на извршената работа, со прилог извештај од учество на меѓународна конференција, презентација во форма на ППТ или постер, копија од програмата на конференцијата на која јасно е назначен презентираниот труд, како и со прилог објавен истражувачки труд во меѓународна научна публикација според важечките законски прописи. Учеството на меѓународна научна конференција и објавениот труд мора да формираат една целина.

Формуларот П5 се состои од резиме на извршената работа, со прилог објавен истражувачки труд во меѓународна научна публикација според важечките законски прописи.

Поради зависноста на меѓународното публикување од фактори што се надвор од контрола на студентот и УАКС Школата за докторски студии, се прифаќа и писмо/известување на прифаќање на трудот за објавување.

УАКС Школата за докторски студии донесува поблиско/подетално упатство за процесот на учество на меѓународна научна конференција и за меѓународното научно публикување.

Член 44

Формуларот П4, односно П5 се поднесува до УАКС Школата за докторски студии, за што Школата одлучува на седница.

### 4.5. Поднесок на докторска теза за оценка и одбрана

*Член 45 бришан*

Член 46

За да се пристапи кон оценка и одбрана на докторската теза, кандидатот треба да има освоено најмалку 150 ЕКТС (односно да недостигаат најмногу уште 30 ЕКТС до одбраната).

Поднесокот на докторската теза за оценка и одбрана се врши со формулар П6 – во прилог на овој Правилник, до УАКС Школата за докторски студии за разгледување, со прилог испечатени 6 меки (работни) примероци од тезата, електронска MS Word верзија на тезата и извештај од веб- системот за проверка на плагијати од Министерството за образование и наука. На увид на УАКС Школата за докторски студии се става и целокупното досие на кандидатот, односно сите претходно поднесени формулари, нивните придружни документи и одлуките/мислењата за нивно усвојување.

Докторската теза не може да се поднесе за оценка и одбрана пред 30. месец од докторските студии.

Член 47

По детална проверка, УАКС Школата за докторски студии подготвува извештај со кој се потврдува дека студентот ги исполнува сите пропишани услови за продолжување на процесот.

Извештајот од ставот (1) од овој член УАКС Школата за докторски студии писмено го поднесува до ННС на факултетот за определување Комисија за оценка и одбрана на докторска теза (во понатамошниот текст: Комисија 4). Во прилог на извештајот се поднесуваат и:

- единствен документ – докторска теза, во 6 печатени работни примероци и електронски примерок;
- доказ дека докторската теза не содржи елементи на плагијат.

Ќе се смета дека докторската теза не содржи елементи на плагијат, кога процентот на совпаѓање идентификуван од веб-системот на МОН за проверка на плагијати не надминува 10%.

Школата за докторски студии донесува поблиско/подетално упатство за содржината и форматот на единствениот документ – докторска теза и за неговото поднесување.

Школата за докторски студии донесува поблиско/подетално упатство за процедурата на проверка на досието на кандидатот во процесот на изготвување на извештајот од став (1) од овој член.

Член 48

ННС формира Комисија за оценка и одбрана на докторската теза (Комисија 4) по предлог на УАКС Школата за докторски студии, која се состои од пет (5) члена, од кои три (3) члена се од соодветната научна област од универзитетот, кој ги организира докторските студии и најмалку еден (1) надворешен член, кој е препорачливо да биде од соодветната научна област. Со Комисијата 4 претседава претседател.

Со одлуката се овластува претседателот на Комисијата 4 да ги оцени соодветноста и достатноста на корекциите и одговорите на забелешките и коментарите од Комисијата 4 и да закаже датум за одбрана на докторската теза, по спроведена координација со сите засегнати страни (членовите на Комисијата 4, менторот, кандидатот, директорот на УАКС Школата за докторски студии и административната служба на УАКС), по одговарањето на забелешките и коментарите од Комисијата 4.

Менторот има обврска, во време кога кандидатот го поднесува формуларот П6, да даде предлог до УАКС Школата за докторски студии за надворешен член, а врз основа на претходно добиена неформална согласност од предложеното лице.

Членови на Комисијата 4 можат да бидат лица избрани во наставно-научни звања „редовен професор“ или „вонреден професор“, вклучувајќи и насловни звања.

Менторот не може да биде член на Комисијата 4.

Член во Комисијата 4 не може да биде лице коешто со лицето што ја брани докторската теза е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

Членовите на Комисијата 4 не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица што живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

За исполнувањето на условите од ставовите (6) и (7) од овој член, именуваните лица поднесуваат писмени изјави.

Комисијата 4 ќе изврши оценување на тезата во рок од четириесет и пет (45) дена од денот на составување на Комисијата 4.

Член 49

Оценката на Комисијата 4 се дава преку формуларот П7, во прилог на овој Правилник, во кој се оценуваат две (2) целини:

1. Дел 1 - Сите аспекти на докторското истражување (цели, задачи, преглед на литература, методологија, резултати, дискусија, критичка нота на тезата, кохерентност и целосност на аргументите, изнесување на заклучоците, технички аспекти на тезата, придржување до правилата на докторските студии, изведен студиски престој, објавени најмалку два труда од тезата во меѓународно списание и сл.), како и
2. Дел 2 - Оценка на одбраната на тезата, преку соодветни поени.

Член 50

Во рокот од четириесет и пет (45) дена, секој член од Комисијата 4 поднесува до претседателот на Комисијата 4 формулар П7 – Дел 1, со оценка за првата целина. Доколку просечната оценка на првата целина од петте формулари е над 60, претседателот донесува заклучок за прифаќање на тезата и за тоа го известува кандидатот по електронска пошта.

Во известувањето, претседателот наведува рок во кој кандидатот ќе може да одговори на забелешките и коментарите од Комисијата 4, чија должина зависи од тежината на добиените забелешки и коментари.

Член 50а

Во рокот определен од претходниот член, кандидатот доставува интегрирани корекции и/или писмени одговори на забелешките и коментарите на членовите од Комисијата 4, до претседателот на Комисијата 4.

Претседателот на Комисијата 4 ги проверува корекциите и писмените одговори и ги оценува нивната соодветност и достатност. Во случај кога корекциите и одговорите се оценети како соодветни и достатни, претседателот закажува датум за одбрана на докторската теза, согласно со овластувањето од Одлуката на ННС. Во случај кога корекциите и одговорите се оценети како несоодветни и/или недостатни, претседателот ги враќа до кандидатот и определува нов рок за нивно адресирање. Процесот се повторува додека не се констатира соодветност и достатност на корекциите и одговорите.

## 4.6. Одбрана на докторска теза

Член 50б

Одбраната на докторската теза претставува структуриран процес на испитување на кандидатот и вообичаено е без свечени елементи.

Одбраната на докторската теза е јавна.

Одбраната вообичаено се спроведува во просториите на Универзитетот. Одбраната може да се спроведе и на далечина, или преку комбинирано физичко и онлајн присуство, доколку околностите и условите го налагаат тоа.

Член 51

На почетокот на одбраната, претседателот на Комисијата 4:

- ги изнесува биографските податоци на кандидатот;

- ги запознава присутните со хронологијата на постапката за стекнување научен степен - доктор на науки.

По својот воведен збор, претседателот на Комисијата 4 бара докторандот во кратки црти да ја изложи својата теза, со посебен осврт на научниот придонес, кој во неа се содржи.

Потоа докторандот ги изложува резултатите од својата теза, по правило во траење до четириесет и пет (45) минути.

Член 52

По излагањето на докторандот, членовите на Комисијата 4 поставуваат прашања. Потоа следува пауза од максимум триесет (30) минути, во која докторандот се остава изолирано, за да подготви одговори на прашањата.

Докторандот е должен да одговори на секое прашање. По завршувањето на испрашувањето на докторандот, Комисијата 4 се повлекува заради донесување одлука. Притоа, Комисијата 4 го дополнува формуларот П7 – Дел 2 со оценка на втората целина, кој е даден во прилог на овој Правилник.

По донесувањето на одлуката и составувањето на записникот, Комисијата 4 се враќа во просторијата во која се одржува одбраната. Претседателот на Комисијата 4 го чита записникот за одбраната и за одлуката на Комисијата 4.

Член 53

Вкупната оценка на кандидатот е нумеричка и се добива како пондериран просек од вреднувањето на петте П7 формулари, чие сумирање се врши во делот 3 од формуларот П7, во прилог на овој Правилник, на тој начин што просечната оценка од делот 1 тежи 80 %, а просечната оценка од делот 2 тежи 20 %.

Потоа оценката се трансформира во квалитативна, на следниов принцип: прифатена со пофалба (над 85 поени), прифатена (помеѓу 60 и 84 поени) и одбиена (под 59 поени).

## 5. Ментор

Член 54

Ментор може да биде професор којшто ги исполнува условите утврдени со закон и подзаконските и другите акти што ја регулираат оваа материја и којшто добил одобрение за менторирање од Одборот за акредитација на високото образование.

Ментор може да биде професор од друг универзитет од земјата или од странство кој ги исполнува условите за ментор од став 1 на овој член.

Менторот се утврдува од потесната научна област на истражување.

Член 55

Менторот:

- го советува, го насочува и го води кандидатот/студентот;
- остварува консултации со студентот;
- го упатува студентот во литературата;
- го воведува студентот во методот на решавање на проблемот што ја третира работата и во методот на научноистражувачката работа воопшто;

- дава мислења, сугестии, забелешки и предлози во текот на изработката на тезата;
- му помага на студентот за одредување на обемот, содржината и начинот на излагањата на научните резултати од тезата;
- учествува во работата на докторските семинари и годишните конференции;
- му помага на студентот да изнајде соодветна институција за изведување на студиски престој во странство;
- му помага на студентот во аплицирањето за меѓународна конференција и за поднесоците за публикација во меѓународно списание.

Член 56

По предлог на студентот и менторот, координаторот на студиската програма може да му назначи ко-ментор на кандидатот од друга студиска програма, како и од друг универзитет од земјата или од странство.

Коменторот мора да биде лице избрано во наставно-научно звање вонреден или редовен професор или соодветно наставно звање.

Член 57

Во текот на студиите може да се изврши промена на ментор.

Барање за промена на ментор можат да поднесат менторот и кандидатот заедно, само менторот или само кандидатот. Барањето се доставува до УАКС Школата за докторски студии.

Кандидатот го предлага новиот ментор од соодветната листа на слободни ментори, а изборот го потврдува УАКС Школата за докторски студии.

Доколку во моментот на поднесување на барањето нема слободен ментор, тогаш промената на менторот ќе се реализира во моментот кога ќе се создаде таква можност.

Член 58

Доколку постои спор помеѓу менторот и кандидатот во поглед на барањето за промена на ментор, координаторот на студиската програма спроведува постапка за утврдување на причините за промена. Во постапката учествуваат менторот и кандидатот.

Во случај да не може да се постигнат согласност и решение околу спорот, тој се разгледува од страна на Анкетна комисија формирана од Ректорската управа (во понатамошниот текст: Комисија 5).

По спроведената постапка на Комисијата 5, УАКС Школата за докторски студии може да го усвои или одбие барањето за промена на ментор.

Член 59

Во случај кога барањето за промена на ментор е прифатено, новиот ментор потпишува изјава дека прифаќа да продолжи да го менторира студентот, започнувајќи од тековната фаза, односно дека безусловно ги прифаќа сите претходно поминати фази.

Ако не може да се најде нов ментор, кој ќе ги прифати сите фази низ кои поминал студентот со претходниот ментор, тогаш постапката за пријава, изработка и одбрана на докторска теза почнува од почеток.

Член 60

Одредбите од член 59 се применуваат и во ситуација кога менторот е објективно спречен да менторира, односно во случај на сериозна болест, преселба, престанок на работниот однос, смрт и слични околности.

## 6. Трансфер на докторска програма

Член 61

Докторски студенти што започнале докторски студии на друг универзитет може да се префрлат на докторските студиски програми на УАКС.

Трансферот на докторските студии на УАКС може да се оствари кога докторската програма од која се префрла студентот е компатибилна со докторската програма на која се префрла студентот.

Компатибилноста на програмите ја утврдува УАКС Школата за докторски студии, која донесува одлука во која го констатира степенот на компатибилност и одредува чекори што студентот треба да ги преземе, со цел надминување каков било постоен јаз помеѓу двете програми.

Член 62

Трансферот на докторските студии на УАКС може да се оствари кога УАКС има расположлив ментор и само во време кога кандидатот може да биде впишан во матичната книга.

Во случај кога кандидатот не е активен студент на друга студиска програма, а освоил кредитни поени на таква во минатото, тогаш тој може да се третира како трансфер-студент, но мора да се пријави на отворен конкурс за упис на докторски студии.

Доколку кандидатот/кандидатката биде примен/а, според правилата и условите определени во овој Правилник, тогаш тој/таа може да поднесе барање за признавање стекнати кредитни поени на друга студиска програма, по потпишувањето договор за студирање.

Барањето од претходниот став се поднесува до УАКС Школата за докторски студии, која постапува како во овој и претходниот член.

Член 63

Трансферот на  кандидатот на докторските програми на УАКС се врши со признавање кредити според конкретната студиска програма на УАКС за докторски студии.

Трансферот на докторските програми на УАКС може да се изврши најмногу со освоени 120 кредити.

Во случај студентот да освоил над 120 кредити (или да се стекнал со над 120 кредити според еквиваленцијата), тогаш му се признаваат најмногу 120 кредити. Во ваков случај, кандидатот ќе мора да објави барем еден труд во меѓународно списание по датумот на упис на докторската програма на УАКС и да ја одбрани докторската теза, која го вклучува овој труд.

Кандидатот не може да изврши трансфер на докторските програми на УАКС само за да одбрани докторска теза, која била во целост подготвена на друга високообразовна институција.

Признавањето на кредитите при трансфер на некоја од студиските програми на УАКС се врши според следнава табела, која ги специфицира и потребните документи, кои студентот треба да ги приложи за извршување на признавање на кредитите.

| Компоненти на докторската програма | Кредитна вредност | Барани документи за признавање |
|---|---|---|
| Методологија на НИР – докторско ниво (задолжителен) | Максимум 30 од предмети за научноистражувачка работа | Транскрипт со положени предмети на докторската програма |
| Анализа на податоци (задолжителен) | | |
| Квалитативни истражувања и студии на случај (изборен) | | |
| Информатичка технологија и истражување (изборен) | | |
| Задолжителен тематски предмет согласно со избраната наставна програма | Максимум 30 од тематските предмети за избраната наставна програма | |
| 2 изборни тематски предмети на ниво на факултет, согласно со избраната наставна програма | | |
| Предлог-истражување | 15 | Поднесено предлог-истражување до релевантно тело од високообразовната институција од која се врши трансферот и потврда дека предлог-истражувањето било прифатено. |
| Истражувачки извештај | 10 | Потврда за изведен истражувачки престој на странска истражувачка институција во времетраење на студирањето на високообразовната институција од која се врши трансферот. |
| Презентација на докторска конференција | 5 | Потврда од институцијата од која се врши трансферот дека напредокот на истражувањето бил претставен на интерна докторска конференција или еквивалентен собир. |
| Презентација на меѓународна научна конференција | 30 | Потврда дека труд што произлегува од темата на докторската теза бил претставен на меѓународна конференција (Програма на конференцијата). |

| | | |
|---|---|---|
| Објавен труд | Максимум 60 кредити, за максимум 2 труда. Школата за докторски студии одлучува за вреднувањето на поединечните трудови. | Објавен труд во меѓународна научна публикација според одредбите од ЗВО. |

Процесот на признавање на кредитите во процесот на трансфер го води УАКС Школата за докторски студии и донесува одлука за признавање на кредити.

## 7. Период на траење на докторските студии

Член 64

Почнувајќи од денот на почетокот на семестарот во кој кандидатот се запишал на докторски студии, најдоцна во рок од шест (6) семестри (36 месеци), тој е должен да ги положи сите испити и да ги изврши другите обврски утврдени со студиската програма и со овој Правилник, да ја пријави и да ја одбрани докторската теза.

По исклучок од став 1 од овој член, студентот има право на продолжување со докторските студии по изминувањето на рокот од став 1 од овој член. Кандидатот ги сноси трошоците за дополнителниот рок за завршување на докторскиот процес, и тоа за секој семестар одделно.

Времетраењето на докторските студии по извршениот трансфер за трансфер-студенти го утврдува УАКС Школата за докторски студии според вредноста на признатите кредити, но во секој случај тоа не може да биде помало од 1 и пол година (3 семестри).

Член 65

Докторските студии може да се стават во мирување, по барање на студентот, по барање на менторот и по автоматизам.

За ставање на студиите во мирување по барање на студентот се донесува одлука за ставање на студии во мирување од УАКС Школата за докторски студии.

Студиите може да се стават во мирување по барање на менторот, доколку студентот не покажува активност во период од шест месеци. Менторот е должен да го опомени студентот писмено двапати пред да го поднесе барањето.

Студиите преминуваат во мирување по автоматизам доколку студентот е неактивен подолго од две години, а за кого во меѓувреме не е добиено барање за ставање на студиите во мирување. За активност се смета поднесокот на кој било формулар П.

Студиите преминуваат во мирување по автоматизам и во случај кога студентот нема да подмири настаната финансиска обврска во рок од една година од нејзиното настанување.

За време на периодот на мирување на студиите, мируваат и финансиските и менторските обврски и не може да се вршат активности на публикување, на студиски престои, ниту да се поднесе кој било формулар П.

Докторската школа е должна да го информира студентот во разумен рок дека студиите ќе преминат во мирување по автоматизам, согласно со одредбите од претходните два става.

За повторно активирање на студиите, студентот поднесува посебно барање до УАКС Школата за докторски студии. Активирањето на докторските студии на кандидат чиишто студии преминале во мирување е условено од моменталната расположливост на ментори.

Договорот за студирање престанува да важи доколку периодот на мирување надмине три години (сметајќи кумулативно ако имало повеќе периоди на мирување), доколку во тој период не било поднесено барање за активирање на студиите.

## 8. Јазик на изведување на докторските студии

Член 66

Докторските студии може да се организираат на англиски и на македонски јазик, во согласност со добиената акредитација на студиските програми од Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија.

Член 67

Наставата по правило се организира на јазик на студиската програма на која е запишан студентот.

Во случај кога наставата се изведува од професор од странство, сите студенти во групата треба да дадат согласност за учество во настава на англиски јазик. Доколку некој од студентите не дава согласност поради неможност за следење на настава на странски јазик, тогаш за него наставата може да се организира со македонски професор, на менторски принцип.

Член 68

Пишувањето на тезата и нејзината одбрана се на јазик на студиската програма на која студентот е запишан. По исклучок, студенти запишани на македонски јазик може да поднесат теза за оценка и одбрана на англиски јазик.

Пишувањето на трудовите за публикација, на работните материјали за меѓународна конференција и на сите материјали поврзани со престојот на кандидатот во странска истражувачка институција е на англиски јазик.

## 9. Научен назив

Член 69

Докторандот којшто одбранил докторска теза се стекнува со научниот степен доктор на науки (dr.sc, PhD), односно доктор по уметности (dr.art). Во дипломата се наведуваат научното подрачје и студиската програма.

## 10. Издавање уверение и диплома

Член 70

По одбраната на докторската теза, на докторандот му се издава уверение за завршените докторски студии. Уверението го потпишува деканот/ директорот на единицата која е

носител на конкретната докторска студиска програма и каде што е спроведена постапката за одбрана на докторската теза.

Член 71

За стекнат научен назив –„доктор на науки“, односно „доктор на уметности“, се издава диплома на промоција што ја организира ректорот на Универзитетот. Дипломата ја потпишуваат ректорот и деканот/директорот на единицата која е носител на конкретните докторски студии и каде што е спроведена постапката за одбрана на докторската теза.

## 11. Финансирање на докторските студии

Член 72

Средствата за реализација на докторските студии се обезбедуваат со школарина и други давачки кои ги плаќаат студентите на докторските студии. Средствата за реализација на докторските студии можат да се обезбедуваат во соработка со други универзитети, правни и физички лица од земјата и од странство.

## 12. Преодни и завршни одредби

Член 73

УАКС Школата за докторски студии може да донесе подетални упатства, пишани процедури и одлуки за спроведување на овој Правилник.

Член 73а

Докторската школа ќе ги информира сите тековни докторски студенти за одредбите од член 65, став 9 од овој Правилник. Ставот 9 ќе се примени за студентите што се во мирување во период подолг од три години, а кои нема да изразат намера за активирање на студиите.

Член 74

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

На денот на стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за организација и упис на трет циклус студии на Универзитетот Американ колеџ Скопје со арх. бр. 09-845/4 од 23.5.2023 година.

Универзитетски сенат
Проф. м-р Виолета Бакалчев, претседателка

Виолета Бакалчев

Digitally signed by Виолета Бакалчев
Date: 2025.10.30 09:40:58 GMT

## 13. Прилози

Формулар П1

**Пријава на докторски труд**

Пополнетиот формулар се предава до службеникот за докторски студии. При пополнување на формуларот, студентот задолжително се консултира со потенцијален ментор. Формуларот се пополнува со кратки одговори, освен во точките 3 и 4: Опис на магистерскиот труд и Методологија, каде што текстот треба да биде долг околу 1000 збора (+/- 10%) во секоја точка.

**Име и презиме: ______________________________________________**

**Студентски број (ИД): __________________________________________**

**Студиска програма:______________________________________________**

**Ментор:______________________________________________________**

**Адреса за комуникација: _______________________________________**

**Е-мејл адреса (официјална од УАКС):_____________________________**

**Телефон за контакт:____________________________________________**

**Кредитна вредност на докторскиот труд: _______ ЕКТС**

| |
|---|
| **1. Наслов на докторскиот труд.** Ве молиме, наведете го насловот на докторскиот труд (насловот содржи најмногу 30 збора и не смее да содржи кратенки): |
| |

| |
|---|
| **2. Цели и задачи на истражувањето.** Ве молиме, наведете ги целта и задачите на истражувањето: |
| |

| |
|---|
| **3. Опис на докторскиот труд**. Описот на трудот содржи 1000 збора (дозволено е академско пречекорување од +/-10%). При описот на трудот се дава индикативен преглед на литература, подготвен врз основа на понови академски рецензирани списанија/трудови. |
| |

| |
|---|
| **4. Методологија**. Описот на методологијата содржи 1000 збора (дозволено е академско пречекорување од +/-10%). Се опишуваат методологијата, методите и техниките кои ќе бидат користени во истражувањето, како и податоците и нивните извори. |
| |

| |
|---|
| **5. Листа на референци.** На овој простор се наведуваат најмногу 10 клучни референци, кои ќе бидат користени во текот на подготовката на докторскиот труд, а се користени во подготовката на описот на докторскиот труд. При наведување на литературата се користи харвардскиот систем на референцирање. |
| |

| |
|---|
| **6. Очекувани исходи.** Тука се наведуваат очекуваните исходи од истражувањето, согласно со поставените цели. |
| |

| |
|---|
| **7. Временска рамка**. На овој простор објаснете ја временската рамка за подготвување на докторскиот труд. Во описот се пишува, на пример, колку недели ќе бидат потребни за пишување на прегледот на литература, за прибирање на податоците, анализа на податоците, пишувањето на трудот и другите детали специфични за трудот. Временската рамка треба да го вклучи и планот за претставување на докторското истражување на интерна и надворешна конференција. |
| |

**Датум на поднесување на формуларот**____________________________

**Потпис на студентот**__________________________________________

**Потпис на менторот** __________________________________________

**Службеник за докторски студии**___________________________

**Мислење за поднесен формулар**

Врз основа на Одлука на ННС бр. _____ од _____ година, а по доставен заклучок и предлог од УАКС Школата за докторски студии, Комисијата во состав:

1. ______________________________________________
2. ______________________________________________
3. ______________________________________________

го дава следново

**МИСЛЕЊЕ**

за поднесениот формулар П1 од докторскиот кандидат

______________________________________________

**Комисијата ја донесе следнава одлука** (се заокружува една опција)**:**

1. Формуларот П1 се прифаќа без забелешки
2. Формуларот П1 се прифаќа со мали забелешки
3. Формуларот П1 се прифаќа со големи забелешки
4. Формуларот П1 се одбива

***Се пополнува во случај на избрана опција 2 или 3:***

Комисијата ги дава следниве мали или големи забелешки, за кои кандидатот се задолжува да ги адресира во рок од 20 дена:

| |
|---|
| |

***Се пополнува во случај на избрана опција 4:***

Комисијата ги дава следниве причини за одбивање на формуларот П1. Се задолжува кандидатот да подготви нов формулар П1 со нова или значајно видоизменета тема во рок од 180 дена:

| |
|---|
| |

Скопје, ________________

**Комисија:**

1. ____________________________________________
2. ____________________________________________
3. ____________________________________________

Формулар П2

## Истражувачки извештај

Кандидат: ________________________________________________

Наслов на докторското истражување: ____________________________________
____________________________________________________________

Институција на која се изведува престојот: ___________________________
____________________________________________________________

Период на престојот (изведување на истражувањето): ___________________________

Престојот е реализиран врз основа на: а) покана од институцијата; б) апликација на отворен повик; в) договор меѓу институцијата и УАКС; г) друго ________________________.

| **1. Цел на истражувачкиот престој**. Детално наведете ја целта на истражувачкиот престој, проследена со оценка на обемот во кој таа цел е остварена по неговото завршување. |
|---|
| |

| **2. Опис на извршената истражувачка работа**. Дадете подетален опис на работата извршена за време на истражувачкиот престој. |
|---|
| |

| **3. Корист од истражувачкиот престој**. Елаборирајте ја користа за вас и вашата работа од истражувачкиот престој (нови контакти, стекнати нови знаења, нови методи, добиени нови идеи за истражувачка работа и сл.). |
|---|
| |

*ПРИЛОГ: ЗАВЕРЕНА ПОТВРДА ОД ИНСТИТУЦИЈАТА-ПРИМАТЕЛ ЗА ИЗВРШЕН ПРЕСТОЈ*

**Датум на поднесување на формуларот**______________________

**Потпис на студентот**________________________________

**Потпис на менторот** ________________________________

**Службеник за докторски студии**____________________

Формулар П3

**Презентација на интерна докторска конференција**

| ПОПОЛНУВА СТУДЕНТОТ |
|---|

Кандидат: ______________________________________________________________

Наслов на докторското истражување: ______________________________________________
______________________________________________________________________________

Наслов на презентацијата: ______________________________________________________
______________________________________________________________________________

| **1. Во која фаза од докторското истражување се наоѓате при презентирањето на докторската конференција?** |
|---|
| |

| **2. Во која мера, во оваа фаза, се постигнати целите на вашето докторско истражување, кои ги зададовте во формуларот П1?** |
|---|
| |

| **3. Елаборирајте во која мера временската рамка поставена во формуларот П1 е остварлива од денешна перспектива и какви корекции на неа ѝ се потребни?** |
|---|
| |

| **4. Ве молиме, наведете дали вашето истражување во рамки на докторската теза вклучува работа со осетливи и лични податоци и дали, според вас, е потребно одобрување за користење на податоците од учесниците во истражувањето? (Ве молиме, раководете се од насоките дадени од Етичкиот комитет за докторски истражувања.)** |
|---|
| |

*ПРИЛОГ: ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ППТ ИЛИ ВИДЕОЗАПИС*

**Датум на поднесување на формуларот**______________________________

**Потпис на студентот**____________________________________________

**Потпис на менторот** ____________________________________________

**Службеник за докторски студии**___________________________

ПОПОЛНУВА КОМИСИЈАТА

(Изберете опција според Одлука на УАКС Школата за докторски студии):

**ОПЦИЈА А**

По спроведената интерна презентација на докторското истражување, Комисијата во состав:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

**ОПЦИЈА Б**

По спроведената оценка на поднесен материјал (ППТ, видеозапис и сл.), проф. д-р ______________________________

донесе заклучок, според кој кандидатот ______________________________:

А) продолжува во следна фаза;

Б) не продолжува во следна фаза.

Во случаи кога кандидатот не продолжува во следната фаза, комисијата/овластениот професор ги задава следниве задолженија/препораки за кандидатот и неговото докторско истражување:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Покрај тоа, комисијата / овластениот професор смета дека кандидатот

А) треба

Б) не треба

да добие одобрување за продолжување со докторското истражување од страна на Етичкиот комитет.

Потписи на комисијата:

1. ______________________________
_

2. ________________________________________ ____________________________
_
3. ________________________________________
_

Потпис на овластен професор:

Скопје, ______________________________

Формулар П4

**Подготовка на труд за меѓународна конференција и прв труд за публикација**

| ПОПОЛНУВА СТУДЕНТОТ |
|---|

Кандидат: ________________________________________

Наслов на докторското истражување: ________________________________
________________________________________________

Наслов на трудот претставен на меѓународна конференција и објавен во референтна научна публикација: ________________________________
________________________________________________

| **Резиме на трудот наменет/претставен на меѓународна конференција / прв труд од докторското истражување (до 300 збора)** |
|---|
| |

*ПРИЛОГ: ПРВ ОБЈАВЕН ТРУД ИЛИ ДОКАЗ ЗА ПРИФАТЕН ТРУД ВО МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА ПУБЛИКАЦИЈА; ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ППТ/ПОСТЕР; ИЗВОД ОД ПРОГРАМАТА НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА*

**Датум на поднесување на формуларот**____________________

**Потпис на студентот**______________________________

**Потпис на менторот** ______________________________

**Службеник за докторски студии**______________________________

Формулар П5

**Подготовка на втор труд за публикација**

| ПОПОЛНУВА СТУДЕНТОТ |
|---|

Кандидат: ______________________________________________

Наслов на докторското истражување: ______________________________
______________________________________________

Наслов на трудот претставен на меѓународна конференција и објавен во референтна научна публикација: ______________________________________________
______________________________________________

| **Резиме на вториот труд од докторското истражување (до 300 збора)** |
|---|
| |

*ПРИЛОГ: ВТОР ОБЈАВЕН ТРУД ИЛИ ДОКАЗ ЗА ПРИФАТЕН ТРУД ВО МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА ПУБЛИКАЦИЈА*

**Датум на поднесување на формуларот**______________________

**Потпис на студентот**______________________________

**Потпис на менторот** ______________________________

**Службеник за докторски студии_____________________________**

Формулар П6

## Поднесување докторски труд за оценка и одбрана

**Име и презиме: ______________________________________________**

**Студентски број (ИД): ___________________________________________**

**Студиска програма:_____________________________________________**

**Ментор:______________________________________________________**

**Адреса за комуникација: ________________________________________**

**_____________________________________________________________**

**Е-мејл адреса (официјална од УАКС):_____________________________**

**Телефон за контакт:_____________________________________________**

**Кредитна вредност на докторскиот труд: ________ ЕКТС**

**Стекнати кредитни поени до моментот на поднесување на овој формулар: _______ ЕКТС**

| **1. Наслов на докторскиот труд.** |
| --- |
| |

| **2. Резиме на докторскиот труд (апстракт, до 500 збора)** |
| --- |
| |

| **3. Цели и задачи на истражувањето.** Ве молиме, наведете ги целта и задачите на истражувањето поставени во формуларот П1: |
| --- |
| |

| **4. Накратко образложете како и во која мера се постигнати поставените цели.** |
| --- |
| |

| **5. Очекувани исходи.** Тука се наведуваат очекуваните исходи од истражувањето, согласно со поставените цели во формуларот П1. |
| --- |
| |

| **6. Накратко образложете во која мера се постигнати очекуваните исходи.** |
| --- |
| |

| **7. Елаборирајте ги другите елементи од докторскиот процес (конференции, престои, трудови, поднесоци)** |
| --- |
| |

*ПРИЛОЗИ: ЕДИНСТВЕН ДОКУМЕНТ – ДОКТОРСКА ТЕЗА; ИЗВЕШТАЈ ОД СИСТЕМОТ ЗА ПЛАГИЈАТИ НА МОН (ги обезбедува УАКС Школата за докторски студии)*

**Датум на поднесување на формуларот_____________________________**

**Потпис на студентот____________________________________________**

**Потпис на менторот ____________________________________________**

**Службеник за докторски студии____________________________**

Формулар П7

**ДЕЛ 1: Оценка на докторскиот труд**

| **ПОПОЛНУВА СЕКОЈ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ПРЕД ОДБРАНАТА** |
|---|

Име и презиме на кандидатот: ______________________________

Наслов на тезата: ______________________________________

Оценувач: ____________________________________________

| **Елементи на тезата (индикативни)** | **Кратка оценка** | **Доделени поени** **(од вкупно поени)** |
|---|---|---|
| **Апстракт и вовед (10 поени)** | | |
| Мотивација за истражувањето | | |
| Цели и задачи | | |
| Содржина на тезата | | |
| **Преглед на литература и опис на проблемот (15 поени)** | | |
| Јасен и кохерентен аргумент | | |
| Соодветно референцирање | | |
| Идентификуван проблем и истражувачко прашање(а) | | |
| **Методологија на истражување (15 поени)** | | |
| Анализа на потребата од податоци | | |
| Дизајн и оправданост на истражувањето | | |
| Методи за прибирање на податоци | | |
| **Наоди и дискусија од истражувањето (20 поени)** | | |
| Целосност на податоците | | |
| Користење табели и графикони | | |
| Интерпретација на податоците и дискусија | | |

| | | |
|---|---|---|
| Примена на анализата на деловен проблем | | |
| **Заклучоци/препораки (10 поени)** | | |
| Логични поврзувања со наодите | | |
| Релевантност за целите | | |
| Воопштливост во друг контекст | | |
| **Придонес кон постојното знаење (20 поени)** | | |
| **Други размислувања (10 поени)** | | |
| Длабочина на концентрацијата на студијата | | |
| Уредување и дизајн на документот | | |
| Јазик и граматика | | |
| Ефективна употреба на прилози/анекси | | |
| Соодветно листирање/наведување на референците | | |
| **ВКУПНО (100 поени/%)** | | |

ЗАБЕЛЕШКА: Овој водич е развиен за да обезбеди конзистентност на оценувањето, Во колоната „Кратка оценка“, секоја ставка може да се оценува со зборови, на пример, одлично, просечно, слабо и сл. Во колоната „Доделени поени“ се дава нумеричка оценка на тезата во однос на исполнувањето на дадените критериуми.

**КОМЕНТАРИ-ПРЕПОРАКИ** (детални коментари на тезата)

*СЕ ДОСТАВУВААТ ДО КАНДИДАТОТ ПО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ОД ННС. КАНДИДАТОТ Е ДОЛЖЕН ОВИЕ ЗАБЕЛЕШКИ И КОМЕНТАРИ ДА ГИ ИНТЕГРИРА ВО ТЕЗАТА И/ИЛИ НА НИВ ДА ОДГОВОРИ ВО ПИСМЕНА ФОРМА И ОДГОВОРИТЕ ДА ГИ ИСПРАТИ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ВО ПРОПИШАНИОТ РОК.*

| |
|---|
| |

**ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА** (прашања кои членот на комисијата ќе ги отвори за време на јавната одбрана)

*ОВИЕ ПРАШАЊА МОЖЕ ИЛИ НЕ МОРА ДА СЕ ДОСТАВАТ ДО КАНДИДАТОТ, ЗАВИСНО ОД ОДЛУКАТА НА ОЦЕНУВАЧОТ. ДОКОЛКУ ТОЈ/ТАА ОДЛУЧИ ДА СЕ ДОСТАВАТ, ТОГАШ ТОА СЕ ПРАВИ ЗАЕДНО СО ЗАБЕЛЕШКИТЕ И КОМЕНТАРИТЕ ОД ПРЕТХОДНИОТ ДЕЛ. ОВИЕ ПРАШАЊА СЕ ИНДИКАТИВНИ И ОЦЕНУВАЧОТ НЕ Е ДОЛЖЕН ДА СЕ ДРЖИ ДО ОВОЈ СЕТ ПРАШАЊА ЗА ВРЕМЕ НА ОДБРАНАТА.*

Прашањата за дискусија *(оценувачот заокружува една опција)*:

А) може да се достават до кандидатот пред јавната одбрана

Б) не треба да се достават до кандидатот пред јавната одбрана.

Потпис на оценувачот (член на комисијата):

Скопје, ____________________

**ДЕЛ 2: Оценка на одбраната на докторскиот труд**

| ПОПОЛНУВА СЕКОЈ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ВРЕМЕ НА ОДБРАНАТА |
|---|

Име и презиме на кандидатот: ________________________________________

Наслов на тезата: ___________________________________________________

Оценувач: _________________________________________________________

| Елементи на одбраната (индикативни) | Кратка оценка | Доделени поени (од вкупно поени) |
|---|---|---|
| **Содржина и јасност на презентацијата (10 поени)** | | |
| **Кохерентност и целосност на излагањето (20 поени)** | | |
| **Почитување на зададеното време (10 поени)** | | |
| **Прашања и дискусија (40 поени)** | | |
| Соодветност на одговорите | | |
| Јачина на аргументацијата | | |
| **Јасна артикулација на придонесот кон постојното знаење (20 поени)** | | |
| **ВКУПНО (100 поени/%)** | | |

ЗАБЕЛЕШКА: Овој водич е развиен за да обезбеди конзистентност на оценувањето, Во колоната „Кратка оценка“, секоја ставка може да се оценува со зборови, на пример, одлично, просечно, слабо и сл. Во колоната „Доделени поени“ се дава нумеричка оценка на тезата во однос на исполнувањето на дадените критериуми.

Потпис на оценувачот (член на комисијата):

Скопје, ______________________

## **ДЕЛ 3: Сумирање на оценките**

1. **Оценка на докторскиот труд**

**ОЦЕНУВАЧ 1: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 2: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 3: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 4: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 5: ____________**

**ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА: __________________ (пондер 80 %)**

2. **Оценка на одбраната на докторскиот труд**

**ОЦЕНУВАЧ 1: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 2: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 3: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 4: ____________**

**ОЦЕНУВАЧ 5: ____________**

**ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА: __________________ (пондер 20 %)**

**ВКУПНА ПОНДЕРИРАНА ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА: ____________________**

**ЗАКЛУЧОК: Кандидатот го заврши докторскиот процес со освоени _____ поени и со тоа докторската теза е** *(се избира едно од следниве)***:**

**а) прифатена со пофалба (над 85 поени)**

**б) прифатена (помеѓу 60 и 84 поени)**

**в) одбиена (под 59 поени)**

Потписи на комисијата:

1. ______________________________

2. ______________________________

3. ______________________________

4. ______________________________

5. ______________________________